**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Младински Сојуз – Крушево**
(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа**
(Име на проектот)

Крушево, 15.12. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 45-7399/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Младински Сојуз – Крушево |
| Наслов на проектот | Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа |
| Период на спроведување на проектот | од 18.10.2019 година до 15.11.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Методија Стојчески |
| Проектен менаџер | Методија Стојчески |
| Телефон и е-пошта за контакт | +38978305252 \| youthalliance@youthalliance.org.mk |
| Цел на проектот | **Општа цел**<br>Промоција и приближување на европските вредности до младите луѓе стремејќи се кон нивно активно вклучување во евроинтегративните процеси на земјата и регионот.<br>**Цели на проектот**<br>•Придонесување кон разбирање и прифаќање на европските вредности од страна на младите луѓе со идентификување на разликите помеѓу вредностите и политичките избори;<br>•Поттикнување на демократско и граѓанско учество на младите луѓе на национално и регионално ниво, преку зајакнување на улогата на младите во евроинтегративните процеси;<br>•Обезбедување на инклузивен простор за дискусија помеѓу младите луѓе за националните и регионалните предизвици, и подобрување на условите за нивно учество во потребните реформи;<br>•Креирање на сет на препораки за политики и мерки насочени кон носителите на одлуки за активно вклучување на младите луѓе во евроинтегративните процеси на земјата. |
| Целна група | Целната група на проектот "Европски вредности за иднината на ЈИЕ" беа млади луѓе кои живеат на територија на Република Северна Македонија (РСМ) кои поседуваат различни искуства, знаења и покажуваат особен интерес за интегративниот процес на РСМ и регионот во ЕУ и НАТО. Директно вклучени беа млади луѓе на возраст од 18 до 30 години, кои доаѓаат од сите 8 географски региони во РСМ. Покрај географскиот баланс, при селекцијата на учесници, тимот се погрижи и за родов баланс како и вклучување на лица со различни типови на попречености (економски, социјални и едукативни). Вклучувањето во проектот директно влијаеше врз збогатување на знаењето на младите за европските вредности, зголемување на свесноста за нивната улога во евро-етлантските процеси, и зајакнување на нивната заложба за ефективни европски промени на национално ниво. Особено се стремевме кон инспирација и мотивација на младите луѓе за национални и регионални ЕУ акции. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Целното подрачје на проектот е територијата на РСМ, вклучувајќи ги и урбаните и руралните средини. Локација – Скопје. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 599 766, 00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 1.240,682 ден. (вкупен буџет за на проектот, кофинансирање 640,916 ден) |

**2. Резиме -** Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Традиционалната меѓународна младинска конференција е младински форум кој овозможува презентирање и дискутирање на клучните предизвици на младите во регионот, промоција на европските вредности помеѓу младите луѓе и вклучување на младите во клучните процеси во градење на иднината на регионот. 2020 беше предизвик за оддржување на традицијата и постигнување на главната цел на овој настан – соработка и вмрежување. Иако во формат на дигитален настан 18тата меѓународната младинска конференција 'Европски вредности за иднината на ЈИЕ' понуди високо квалитетни активности како пленарни сесии, работилници, презентации, настани за вмрежување и поврзување.
Конференциската мисија е да ги идентификува, промовира и поврзе влијателните младински лидери од регионот на ЈИЕ за заедничко дејствување насочено кон европската иднина за регионот, како и градење регион со поодговорно и поефикасно лидерство.
Тимот на Младински сојуз-Крушево секоја година се стреми конференцијата да има посилно влијание и повеќе резултати. Оттука, оваа година се посветивме на проширување на нашата мрежа на партнери и поддржувачи и благодарение на оваа мрежа на поддржувачи, пријатели и партнери, ја изградивме нашата конференција во еден од најпрепознатливите младински настани во регионот дури и како дигитален настан.
**18тата меѓународната младинска конференција 'Европски вредности за иднината на ЈИЕ' беше организирана од страна на Младински сојуз – Крушево, од 5ти до 10ти Ноември, 2020**, со поддршка на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, спонзориран од Сојузна Република Германија и Влада на Република Северна Македонија, во соработка со Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија во Скопје. Исклучително е важно да се истакне соработка со Europe House, Скопје во конечната имплементација на конференцијата. Во партнерство со организациите ЕУРОДЕМОС- Романија, ЕЛИАМЕП-Грција, Зона 21-Бугарија , New Youth Professionals-Албанија беа организирани 4 национални физички хабови.
**На конференцијата учество имаа 85 млади луѓе од 16 земји** (Северна Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Босна и Хереговина, Хрватска, Србија, Црна Гора, Косово, Словенија, Германија, Полска, Франција, Турција, Романија и Италија) на возраст од 16 до 30 години. Профилот на млади луѓе кои зедоа учество на конференцијата беше младински лидери, студенти, активисти, предводници на мрежи и неформални групи. Во текот на селекцијата особено беше ставен акцент на родова еднаквост во групата (48 женски, 37 машки), застапеност на млади луѓе од различните географски региони на целните земји и застапеност на различни етникуми.

**Организацијата и комплетната имплементација на настанот ја спроведоа 4ри тима:**
**-Проектен тим:** Методија Стојчески (проектен координатор); Анелија Митрова (оперативен координатор), Билјана Стојческа (програмски координатор); Нита Старова (проектен координатор ФЕС, канцеларија Скопје); Нина Јовановска (волонтер); Андреј Стојкоски (волонтер)
**-Меѓународна подготвителна група:** Anna Bampili (Грција), Francesco Capellini (Италија), Michael Dimitrov (Бугарија), Димитар Врглевски (Северна Македонија), Блажен Малески (Северна Македонија).
**-Технички тим:** Добромир Алексиќ, Давид Иванов, Петар Мукоски.
**-Тим на модератори и фасцилитатори:** Матеа Атанасоса (модератор), Дона Костуранова (модератор), Анелија Митрова (модератор/фасцилитатор), Блажен Малески (модератор/фасцилитатор), Маја Стојаноска (Модератор), Билјана Дуковска (модератор), Димитар Низамовски (модеартор), Илија Станковски (фасцилитатор), Катерина Синадиновска (модератор).

**Настанот опфати три клучни елементи: 6 пленарни сесии, 6 работилници и 1 финална сесија.** Пленарните сесии ги опфатија следниве главни теми: Солидарност во криза: Човештвото по Ковид 19; Пролиферација наспроти креирање на вистината; Светски Ризици 2.0; Младите за целите за одржлив развој; Невработеност-што сега?; Иднината на образованието: нови можности или нови поделби. Гости говорници во текот на пленарните сесии беа 18 професори, експерти, министри и заменици министри предводници на мрежи и релевантни носители на одлуки. Во текот на интерактивните работилници учесниците врз основа на стекнатитите знаења и информации од пленарните сесии, преку сеопфатни дискусии го изградија финаниот документ 'Визија на младите за ЈИЕ' во кој младите во 7 подглавја ги

организираа своите препораки и мерки (Човекови права и еднаквост, Образование, Здравствена заштита, Вработување и животен стандард, Младинско учество, Оддржливост и зелени економии, Погранична соработка за демократија, безбедност и политичките проблеми во регионот). Овој документ или крајниот резултат од конференцијата беше презентиран на финалната сесија од конференцијата каде гости говорници беа г-дин Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија, г-дин Илхан Кјучјук, известувач за нашата земја во Европарламентот, г-дин Арбер Адеми, претсдател на комисија за европски прашања, Собрание на Република Северна Македонија.

Земајќи во предвид дека ние со конференцијата пристапивме кон еден од најважните предизвици во регионот, активната вклученост на младите во процесот на европска интеграција, најважно ни беше да **воспоставиме соработка и вмрежување помеѓу младите како неопходен чекор во процесот на исполнување на предизвиците што ги опфаќа интеграцијата во ЕУ.** Понатаму, успеавме да се развие соработка помеѓу младите луѓе од ЕУ и младите од земјите што не се членки на ЕУ која е значајна за **развојот на чувството кај сите млади луѓе дека припаѓаат на европскиот проект**. Фокусот на крајниот резултат на конференцијата беше вклучување на младите во обликувањето на иднината на регионот и засилен процес на интеграција во ЕУ. Затоа, со конференцијата обезбедивме од една страна **охрабрување и зајакнување на капацитетите на младите** за нивно директно вклучување во интегративните процеси. Продуктивната дебата докажа дека тие можат ефикасно и иновативно да пристапат кон предизвиците со кои се соочува регионот. Од друга страна, **се зголеми свесноста кај носителите на одлуки за важноста на вклучување на младите луѓе** во клучните процеси за регионот.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Подготвителен состанок | Подготвителните активности за 18та меѓународна конференција започна со избор и подготовка на членови на меѓународна подготвителна група. Проектниот тим заедно со 8 млади луѓе од 7 земји од ЈИЕ, членови на меѓународната подготвителна група имплементираа 14 онлајн подготвителни состаноци. Прилози: Листа на членови на меѓународна подготвителна група; Листа на присутни на состаноци. | 1.11-31.07.2020 | -Креирана конференциска програма;<br>-листа на задачи и одговорности меѓу различните тимови;<br>-детален повик за учесници;<br>-определени принципи на транспарентност и рамноправност при селекција на учесници;<br>- стратегија за дисеминација на повик и комуникација на активности. |
| Кампања за промоција на конференцијата | Кампањата за промоција на конференцијата беше со акцент на темите кои ги обработувавме оваа година опфати различни активности вклучувајќи креирање на план за кампања на социјалните и традиционалните медиуми, дизајн на промотивни материјали, имплементација на 7 онлајн дискусии, 4 подкасти, 3 колумни, 1 постер изложба, подготовка и објава на 80 фотографии.<br>Прилози: Комуникациска стартегија. | 1.3-30.10.2020 | -239 апликации за учество на конференцијата;<br>-опфаќање на повеќе од 120000 публика;<br>-директно вклучување на 2000 млади луѓе. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Објавување на отворен повик за учество на конференцијата | Во текот на подготвителните состаноци беа дефинирани критериумите за учество и стратегија за широка дисеминација на повикот за учество. Повикот освен што беше објавен на конференциската веб страна и официјалните канали на социјалните медиуми, беше споделен на популарни за млади веб портали (Mladi Info, SALTO). Исто така повикот беше споделен на дата базата од Младински сојуз со 12.000 контакти. | 1.6- 30.10.2020 | -Објава на повикот на повеќе од 38 веб страни во Северна Македонија и регионот;<br>-Повикот споделен со повеќе од 12.000 контакти од дата базата на Младински сојуз. |
| Подготвување на методологијата и програмата за конференцијата | Оваа активност ја отпочнавме со регрутација и селекција на тим од модератори и фасцилитатори соодветни за темите на конференцијата. Беа селектирани 8 модератори и 3 фасцилитатори. Проектниот тим заедно со тимот на модератори и фасцилитатори ја подготвија методологијата поставувајќи ги во фокусот целите на проектот од една страна. Од друга страна од особена важност за нас беа и потребите на учесниците. Затоа овој процес за подготовка на методолгијата опфати 6 онлајн состаноци.<br>Прилог: Листа на модератори и фасцилитатори | 1.6-1.10.2020 | -Креирана методологија за работа на пленарните сесии и работните групи. |
| Контактирање и подготовка на говорниците, модераторите и фасцилитаторите | Откако беше креирана листата на потенцијални говорници за сите теми и поттеми, програмскиот тим изготви официјални покани и отпочна директна комуникација со предложените индивидуалци/експерти/носители на одлуки. Процесот на поканување и воведување во програмата на конференцијата опфати серија на онлајн состаноци со различните говорници за да имаме конечна листа на говорници за овогодинешната конференција. Како следен чекор организиравме заеднички состаноци помеѓу модераторите и говорниците за организација на секоја пленарна сесија на конференцијата. Во оваа фаза програмскиот тим имаше одделни состаноци со фасцилитаторите за нивно континуирано информирање за содржината и клучните елементи кои е планирани со пленарните сесии. На овој начин ги синхронизиравме сите одделни делови на настанот. Прилог: Конференциска програма | 1.6-1.11.2020 | -Креирана финална програма со говорници. |
| Изработка на визуелниот идентитет за конференцијата | Секоја година настанот носи нов визуелен идентитет кој ги најавува клучните карактеристики на конференцијата. Програмскиот тим заедно со стручен тим детално и секојдневно работеа на: лого на конференцијата, промотивни материјали за кампањата на социјалните медиуми, промотивни материјали за промотивните настани, изработка на промотивни материјали за главниот настан (банери, постери, коцки). | 1.6-1.11.2020 | -Комплетен сет на промотивни материјали алатки;<br>-Книга за брендирање на проектот;<br>-Зголемен интерес за учество на конференцијата;<br>-Зголемен интерес кај широкиот аудиториум за темите на конференцијата. |
| Избор на локација за конференцијата | Бидејќи 2020 донесе бројни предизвици за имплементација особено на меѓународни настани, процесот за избор на место на одржување на конференцијата исто беше | 1.6-1.11.2020 | -Спецификација за простор за хибриден настан;<br>-Креирана директна врска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | комплексен процес. Пред се за нас најважно беше да и самиот простор обезбедува промоција на европските вредности меѓу младите луѓе учесници на конференцијата. За оваа цел беше пред се креирана конкретна спецификација за потребите на хибридниот настан, повеќе состаноци со техничкиот и логистичкиот тим, состаноци со различни тимови на простори и конечна подготовка на селектиран простор. Настанот се оддржа во Europe House, Делегација на ЕУ во Скопје. | | на просторот со целите на настанот. |
| Организација на конференција | Од 5ти до 10ти Ноември, 2020, беше имплеметирана меѓународната конференција 'Европски вредности за иднината на ЈИЕ'. Учество имаа 85 учесници од 16 земји. Беа имплементирани 6 пленарни сесии, 6 интерактивни работилници. Организацијата на настанот директно ги вклучи сите 4 тима-програмски, технички, логистички, меѓународна подготвителна група, тимот на модератори и тимот на фасцилитатори.<br>Прилог: Листа на учесници; Видео снимки и фотографии од настанот; Финална програма од конференцијата со сите говорници; Извештај од евалуација на конференцијата. | 5-10.11.2020 | -Зголемена свесност за европските вредности од страна на младите луѓе со идентификување на разликите помеѓу вредностите и политичките избори;<br>-Обезбеден инклузивен простор за дискусија помеѓу младите луѓе за националните и регионалните предизвици, и подобрување на условите за нивно учество во потребните реформи;<br>- Креиран сет на препораки за политики и мерки именувани како 'Визија ан младите за регионот" |
| Организирање на настан за презентирање на сетот на политики и мерки пред носителите на одлуки | На 10ти Ноември, 2020 беше организиран настан за презентација на визијата на младите за регионот. На настанот покрај 80те учесници на конференцијата учествува Престедателот на државата, г-дин Стево Пендаровски, г-дин Илхан Ќучук, известувач за Северна Македонија од Европски Парламент и г-дин Арбер Адеми, претседател на Комитетот за европски прашања при Собранието на Република Северна Македонија. Исто така, учествуваа дипломати и медиумски претставници.<br>Прилог: Листа на учесници; Видео снимки и фотографии од настанот; Финална програма од настанот. | 10.11.2020 | -Младите луѓе потткнати на демократско и граѓанско учество преку кревање на свесноста во јавниот дискурс за улогата на младите во евроинтегративните процеси;<br>-Зголемување на свесноста кај носителите на одлуки за важноста од вклучување на младите луѓе во евроинтегративните процеси на земјата. |
| Дисеминација на сетот на политики и мерки | Иако дисеминацијата на сетот на политики и мерки е испланирана да се имплементира активно по завршувањето на проектот, во оваа фаза успеавме да ги реализираме следниве активности:<br>-Соработка со Агенда 35 и промоција на сетот на политики и мерки;<br>-Дисеминација на документот на целокупната широка листа на Младински сојуз (>12000 контакти);<br>-Креирање на креативни објави со клучни елементи од финалниот документ и објава на | 10.11 – 15.11.2020 | -Зголемена свесност на широкиот аудиториум за визијата на младите за регионот;<br>-Поттикнат интерес кај различни носители на одлуки од регионот за визијата на младите луѓе за овој регион;<br>-Медиумски продукти кои служат за понатамошни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | каналите на конференцијата на социјалните медиуми;<br>-Состанок со Europe House за идна соработка за дисеминација на сетот на препораки;<br>-Состанок со Радио Слободна Европа за дисемниација на препораките преку нивната емисија 'Слободоумни'.<br>Прилог: Емисија посветена на сетот на препораки на Агенда 35 | | дисеминациски активности. |
| Интерактивни презентации | Земајќи ја во предвид сериозноста со пандемијата успеавме да реализираме само една презентација пред 25 млади луѓе од Валандово, опфаќајки онлајн и физички елементи. | 10.11 – 15.11.2020 | -Зголемена свесност за влијанието на младинските активности како што е меѓународната конференција на нашите општества. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Иако Меѓународната Младинска Конференција 'Европски вредности за иднината на Југоисточна Европа' оваа година ја имплементиравме по 18ти пат, предизвиците со кои се соочивме скоро и да не можеше да се предвидат во планирањето на проектот. Пандемијата со Ковид 19 можеби е најсериозниот предизвик со кој сме се соочиле во овие 18 години при имплементација на традиционалната конференција.
Пред се, временската рамка на самиот проект се оддолжи што директно се рефлектираше на понатамошната имплементација на планираните активности. Новиот контекст во кој ние имавме обврска да ја имплеметираме конференцијата, за да не ја прекиниме традицијата и да не ги обесхрабриме младите луѓе со дополнително стеснување на просторот за нивниот глас, ни ја зголеми одговорноста а ни ги намали можностите. Всушност единствен начин за имплементација на овогодинешната конференција беше дигитален настан. Подготовката на настанот во дигитална верзија одзеде многу повеќе време и побара од тимот многу поголеми напори за да сепак успееме да ги оствариме целите на проектот.
**Промена на имплементација на планираните активности:**
1.Подготвителен состанок – во првичниот план беше испланиран еден физички подготвителен состанок. Иако на национално ниво беше имплементиран еден подготвителен состанок со релевантни чинители од клучната област, сепак рестриктивните мерки не ограничија во имплементација на испланираниот меѓународен состанок. За да се постигнат целите на оваа подготвителна активност, проектниот тим заедно со меѓународната подготвителна група оддлучи дека ќе имплементираат онлајн состаноци се додека сите не се задоволни од процесот на подготовка на конференцијата. Оттука, нас ни требаа 14 онлајн состаноци за комплетна подготовка на конференцијата.
2.Во однос на кампањата за промоција на конференцијата, бидејќи мотивацијата кај младите луѓе за учество на онлајн настан е различна, споредбено со физички настан, употребивме комплетно различен пристап и посилни напори за креирање на кампања која ќе предизивика интерес и мотивација за учество на дигитална конференција.
3.Правило на нашиот настан е меѓународната подготвителна група да ја подготвува програмата и методололгијата на настанот и истата понатаму ја модерира и фасцилитира во текот на имплементацијата. Оваа активност претрпи промена бидејќи меѓународната подготвителната група беше спречена да патува. Во текот на подготовката на дигиталниот настан се утврди потреба за физичка модерација и фасцилитација на сесиите. Оттука, спроведовме активности за мобилизација на национални модератори и фасцилитатори, кои исто така беа вклучени во подготвителните активности.
4.Избор на локација за конференцијата – ако до 2019 традиционално конференцијата се оддржуваше во Крушево, и собиравме 58 млади луѓе на едно место, оваа година со сите технички потреби кои ги бараше имплементацијата на настанот, потребен ни беше сериозно подготвен мултимедијален простор. Во исто време, тимот си постави предизвик самото место на оддржување да придонесува кон исполнување на целта – промоција на Европските вредности помеѓу младите луѓе. Оттука, конференцијата се оддржа во

Europe House, Делегација на ЕУ во Скопје, и на тој начин успеавме да гласот на младите од регионот биде слушнат од срцето на ЕУ во нашата држава.
5. Техничка подготовка на настанот – имплементација на дигитален настан каде клучно ќе биде поврзувањето помеѓу младите луѓе исто така беше предизвик за тимот. Се поставија сериозни различни предизвици во овој дел, особено затоа што тимот немаше искуство со имплементација на ваков тип на настан. Затоа, прво идентификувавме што се ќе ни треба за имплементација, потоа побаравме понуди од различни фирми за да конечно се изработи сценарио за секој тип на настан конкретно.
Конечно, и важно да се истакне, најголем предизвик во имплементација на сите активности за нашиот тим беше како сите тимови да останеме здрави и безбедни. За таа цел посебни протоколи на функционирање беа изготвени, и можеме да потврдиме дека на овој начин успешно и без ризик ја имплементиравме 18та Меѓународна Младинска Конференција ‘Европски вредности за иднината на ЈИЕ’.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Промоција на социјалните медиуми | 128 | 267 | Бидејќи социјалните медиуми се нови медиуми имавме вкупно:468 објави |
| Онлајн брифинг за новинарите на почеток на конференцијата | 3 | 1 | 13 |
| Онлајн брифинг за новинарите за финалната сесија на конференцијата | 5 | 1 | 14 |
| Интервјуа за регионален блог | 15 | 5 | 10 |
| Интервјуа за Агенда 35 посветена на визијата на младите за регионот | 5 | 1 | 1 |
| Изработка на електронски медиа извештај | / | 1 | / |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИ

Пред детално објаснување за постигнувањето на целите на проектот, треба да нагласиме дека Меѓународната Младинска Конференција ‘Европски вредности за иднината на ЈИЕ’ е долгорочна иницијатива која бара постојана работа и силни напори на долг рок, со цел да имаме одржливи резултати.

**Општа цел:** Промоција и приближување на европските вредности до младите луѓе стремејќи се кон нивно активно вклучување во евроинтегративните процеси на земјата и регионот.
**Клучни индикатори за перформанси:** 1. Подобрено ниво на разбирање и прифаќање на европските вредности помеѓу младите луѓе од Северна Македонија и регионот генерално; 2. Квалитет и број на формални / неформални механизми и платформи воспоставени за поттикнување на активно вклучување на младите во евроинтегративните процеси; 3. Подобрено препознавање на важноста за вклучување на младите во евроинтегративните процеси од релевантните донесувачи на одлуки и институции; 4. Вклучување на младите и активностите за млади во стратешките планови на релевантни институции одговорни за евроинтеграциските процеси.

**Постигнати резултати:** 1. 81.4 % од вклучените млади (учесници на конференцијата) одговориле дека конференцијата ја постигнала главната цел; 2. 52% од вклучените учесници укажаа на следниве механизми и платформи воспоставени за поттикнување на активно вклучување на младите во евроинтегративните процеси: вмрежување, размена на знаење и идеи, и добри примери за делување во тек на криза; 3. 75% од вклучените носители на одлуки во текот на конференцијата јавно ја истакнаа важноста на вклучувањето на младите во реформите потребни за евроинтегративните процеси; 4. Различни медиуми подготвија емисија посветена на главната цел на конференцијата и на тој начин јавно лобиравме кон носителите на одлуки одговорни за евроинтеграциските процеси за вклучување на младите.
**Верификација на резултатите:** Евалуациски извештај; Видеа од пленарни сесии и финална сесија; Електоронски медиа извештај.

**Специфична цел 1:** Придонесување кон разбирање и прифаќање на европските вредности од страна на младите луѓе со идентификување на разликите помеѓу вредностите и политичките избори.
**Клучни индикатори за перформанси:** -Повратни информации од учесниците собрани за време и по завршувањето на конференцијата, во форма на електронски обрасци за оценување; -Зголемен број на млади луѓе запознати со европските вредности како и идентификување на разликите помеѓу вредностите и политичките избори; -Инспирирани млади лидери да станат мултипликатори на европските вредности како и на добрите практики и искуства стекнати за време на конференцијата.
**Постигнати резултати:** 1. 91,6 % од учесниците на конференцијата одговориле конференцијата успеала да обезбеди различни перспективи за потенцијалите и предизвиците покренати од процесот на интеграција во ЕУ од регионот релевантни за младите. Особено нагласувајќи ги потенцијалите на улогата на ЕУ во однос на поттикнување на солидарноста во текот на Ковид 19 кризата, важноста за транспарентност и вистински информации, зошто е важно младите да бидат вклучени во постигнувањето на целите за одржлив развој, како регионалната соработка е одговор на младинската невработеност и важноста од користењето на механизмите и инструментите што ги нуди ЕУ за артикулација на младинскиот глас, запознавање на младите со клучните области на политиките во Младинската политика на ЕУ. 2. 51,7% од учесниците потврдиле дека споделените контакти и вмрежување меѓу учесниците ги овластија да веруваат во нивните капацитети да бидат идни двигатели на позитивни општествени промени базирани на европските вредности.
**Верификација на резултатите:** Евалуациски извештај; Видеа од пленарни сесии и финална сесија.

**Специфична цел 2:** Поттикнување на демократско и граѓанско учество на младите луѓе на национално и регионално ниво, преку зајакнување на улогата на младите во евроинтегративните процеси.
**Клучни индикатори за перформанси:** -Степен на интерес и ангажирање на младите за време на конференцијата за креирање и дефинирање на нивната визија за регионот Југоисточна Европа; -Повратни информации од партнерите и засегнати страни за обезбедените можности за време на конференцијата за стимулирање на демократско и граѓанско учество на младите и градење доверба за идните активности; -Квалитет на предлози и препораки како резултат на конференцијата; - Разновидност и заинтересираност на засегнатите страни за време на финалната сесија во која учесниците ја презентираа визијата на младите за регионот.
**Постигнати резултати:** Учесниците играа клучна улога во креирањето на визијата на младите за регионот поставувајќи акцент на важноста на тро-насочниот дијалог [национални институции - млади - европски институции]. Исто така тимот фасцилитатори им овозможи на младите да ја обликуваат дискусијата што беше клучно за поттикнувањето на младите за споделување на нивното знаењето во нивните инпути. Покрај тоа, ние обезбедивме можност за „лице в лице“ дискусии меѓу младите со различни релевантни чинители во текот на финалната сесија. Користениот пристап за директно вклучување на младите во процесот на „креирање - презентација - влијание“ ги зголеми нивните знаења и капацитети за иден ангажман посветен на вклучување на младите во евроинтеграциските процеси на регионот.
**Верификација на резултатите:** Евалуациски извештај; Работни материјали; Сумирани резултати од работните групи; Финален документ од конференција.

**Специфична цел 3:** Обезбедување на инклузивен простор за дискусија помеѓу младите луѓе за националните и регионалните предизвици, и подобрување на условите за нивно учество во потребните реформи.

**Клучни индикатори за перформанси:** - Подигнато ниво на свесност и знаење кај младите за клучните приоритети и реформи што треба да ги спроведат општествата од Западен Балкан, со особен акцент на Република Северна Македонија за нивна евроинтеграција; - Високо ниво на квалитет на спроведените пленарни сесии, интерактивни работилници и дискусии што ќе ги доближи потребните реформи до младите луѓе и зошто се истите важни за евроинтегративните процеси; - Број или предлози и решенија во врска со предизвиците идентификувани и дискутирани за време на конференцијата; -Активно вклучување на учесниците и засегнатите страни за време на активностите на конференцијата.

**Постигнати резултати:**

Стремејќи се да понудиме квалитативна програма и инклузивен простор за соработка и дискусија меѓу младите лидери и покрај предизивиците што ги нуди формата дигитален настан, разновидноста на пленарните сесии со експертиза од различни говорници и тим на искусни модератори и фасцилитатори беа обезбедени и клучни за време на конференцијата. Сето ова резултираше со продуктивни дискусии и подигнато знаење кај младите во врска со придобивките и последиците од пристапувањето или справувањето со Европската унија за нивните нации и за граѓаните, како и за придобивките и обврските што произлегуваат од тоа да бидат млади луѓе во ЕУ. Со градењето на нивната компетентност врз структурите, политиките, процедурите и програмите на ЕУ, обезбедивме значителна младинска перспектива за моменталната состојба на процесот на проширување на ЕУ, како треба да се одвива во иднина и како е во врска со политичката состојба во регионот на ЈИЕ. Покрај тоа, со директно вклучување на учесниците и говорниците од ЕУ и земјите што не се членки на ЕУ, младите и засегнатите страни споделија различни реалности од нивните земји што придонесе младите да развијат ‘grass-root’ стратегии што ќе го рефлектираат на регионот.

**Верификација на резултатите:** Евалуациски извештај; Финална програма на конференцијата; Финален документ од конференцијата.

**Специфична цел 4:** Креирање на сет на препораки за политики и мерки насочени кон носителите на одлуки за активно вклучување на младите луѓе во евроинтегративните процеси на земјата.

**Клучни индикатори за перформанси:** - Квалитет на креирани сет на препораки за политики и мерки врамени како ‘Визија на младите во ЈИЕ’; - Подигната свест кај широката публика (релевантни државни институции, универзитети и граѓански организации) во регионот преку спроведување на широка дисеминација на финалниот документ од конференцијата; -Повратни информации за ‘Визија на младите во ЈИЕ’ од младите, носителите на одлуки и граѓаните; - Број и разновидност на активности преземени од учесниците за споделување знаење и разбирање на европските вредности од широк обем во регионот на ЈИЕ.

**Постигнати резултати:**

Зголемените знаења и капацитети на младите, добиени во текот на конференцијата вклучително и обезбедените можности за вмрежување со локални, национални и меѓународни релевантни актери, обезбедија добра основа за развој на сериозен документ во кој е преточена визијата на младите од ЈИЕ. На конференцијата, учесниците поддржани од мрежата на активисти беа фокусирани на креирање на документ кој придонесува кон унапредување на вистинското разбирање на процесот на проширување на ЕУ во нивните локални заедници, развивање значителна перспектива во врска со нејзиниот иден курс и за тоа како европските вредностите и клучните критериуми на ЕУ за членство можат да влијаат на состојбата на младите во регионот.

**Верификација на резултатите:** Евалуациски извештај; Финален документ од конференцијата; Фотографии и видеа;

## ИДНИ АКТИВНОСТИ И ОДДРЖЛИВОСТ НА ПРОЕКТОТ

Ние, проектните партнери, со конференцијата пристапивме кон еден од најважните предизвици во регионот, активната вклученост на младите како важен елемент за зацрвстувањето на процесот на европска интеграција. **Соработката и вмрежувањето** за заедничка цел е неопходен чекор во процесот на исполнување на предизвиците што ги подразбира интеграцијата во ЕУ. Понатаму, соработката помеѓу

младите луѓе од ЕУ и младите од земјите што не се членки на ЕУ има силна додадена вредност и таа е значајна за **развојот на чувството кај сите млади луѓе дека припаѓаат на европскиот проект.** Проектните партнери силно веруваат дека за обликување на иднината на Европа и засилен процес на интеграција во регионот ЈИЕ, нашите општества треба да **активно да работат на вклучување на младите во овие процеси**. Затоа, со конференцијата обезбедивме **почва за соработка и вмрежување меѓу младите за иднината на Европа**. Продуктивната дебата докажа дека тие можат ефикасно и иновативно да пристапат кон предизвиците со кои се соочува регионот.

По завршувањето на конференција отпочнавме со **кампања за дисеминација** посветена на понатамошно ширење на резултатите од конференцијата на регионално ниво, во 16-те вклучени земји. Кампањата има за цел **стимулирање на акција и ангажман од страна на младите, преку дебати, видеа со содржина која поттикнува дискусија, акција и учество во процесите**. Резултатите од кампањата се споделен документ со 12.000 контакти од дата базата на Младински сојуз, 15 дизајнирани објави на социјални мрежи и 1 презентација. Дополнително, во моментов тимот на Младински сојуз креира **кампања за лобирање и застапување за визијата на младите од регионот за директен пристап кон носителите на одлуки и националните власти релевантни за младите луѓе**. Во следниов период испланирани се онлајн настани како дискусии, подкасти, колумни, настани во живо за презентација на клучните елементи од финалниот документ.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **110 422** | **110 422** | / |
| **II. Оперативни трошоци** | **101 524** | **101 524** | / |
| **III. Директни трошоци** | **387 820** | **387 820** | / |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **599 766** | **599 766** | / |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Прилози на програмскиот извештај:

1. Прилог 1 – Комплетна листа на учесници, модератори, фасцилитатори, говорници во текот на конференцијата;
2. Прилог 2: Листа на членови на меѓународна подготвителна група;
3. Прилог 3: Финална програма на конференцијата;
4. Прилог 4: Подготвителни работни материјали;
5. Прилог 5: Примерок од комуникациска стратегија за месец септември;
6. Прилог 6: Медиа извештај;
7. Прилог 7: Финален документ ‘Визија на младите за ЈИЕ’;
8. Прилог 8: Евалуациски извештај
9. УСБ со електронска верзија на овој извештај, фотографии и видеа од настанот, електронска верзија од сите прилози и видеа од медиумски објави.

**Прилозите се на англиски јазик бидејќи работен јазик на настанот беше англиски јазик.*

Прилози за финнсиски извештај:

1. Прилог 1 – Детален финансиски извештај;
2. Прилог 2 – Листа на сите исплати вклучувајќи ги сите податоци поврзани со добавувач, датум на исплата, број на фактура, број на извод и опис на трошокот (преглед на документи)
3. Прилог 3 – Целокупна придружна финансиска документација (копии од банкарски изводи и фактури за сите исплати).

Крушево, 15. 12. 2020 год.
(Место) (датум)

Методија Стојчески, Претседател на организацијата
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

МЛАДИНСКИ СОЈУЗ Здружение YOUTH ALLIANCE КРУШЕВО

(Потпис)